ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА!

ОСНОВНИОТ СУД КРИВА ПАЛАНКА како првостепен парничен суд, преку судијата Виолета Наумовска како Претседател на советот и судиите поротници Нада Додевска и Дане Петровски, како членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителите Б.Т. од К.П. и Р.Т. од С., застапувани од полномошник С. Ј., адвокат од А. к. Ј. од Ш., против тужениот Г. Т. од К.П., застапуван од полномошник А. Ј. В., адвокат од К.П., за утврдување ништовност на договор за подарок, вредност 1.000.100,оо денари, по одржаната главна, јавна и усмена расправа на ден 12.03.2019 година, во присуство на тужителот Б. и неговиот полномошник, и полномошникот на тужениот донесе, а на ден 18.03.2019 година, јавно објави,

П Р Е С У Д А

СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање.

I

СЕ УТВРДУВА дека договорот за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година, склучен кај Нотар В. М. од К. П. е ништовен и како таков не произведува дејство.

СЕ УТВРДУВА дека недвижниот имот и тоа: кп ..., дел 1, м. в. М. Т. ..., број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 001, кат ПР, број 001, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 40 м2, кп ..., дел 1, м. в. М. Т. ..., број на зграда 1, намена на зграда А!-1, влез 001, кат ПР, број 001, намена на посебен дел од зграда П, со внатрешна површина од 15 м2 и недвижниот имот кој претставува кп ..., дел 1, м. в. М. Т. ..., број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 002, кат К1, број 002, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 54 м2, запишани во Лист „В“ од Имотен Лист бр. ... за К. О. К.П. на име на тужениот Г. Т. од К.П., со идеален дел на недвижност од 2/4 (две четвртини), претставува оставина на покојната С. Т., поранешна од К.П..

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Г. Т., да трпи пренос на недвижниот имот запишан во лист „В“ од Имотен Лист бр. ... за КО К. П. од негово име на име на покојната С. Т., поранешна од К.П. и истиот да влезе во оставинска маса на покојната.

II

СЕ УТВРДУВА дека недвижниот имот и тоа: кп ..., дел 1, м. в. М. Т., култура гз/гиз, во површина од 216 м2, кп ..., дел 1, м. в. М. Т., култура гз/зпз1, во површина од 84 м2 и кп ..., дел 1, м. в. М. Т., култура гз/зпз2, во површина од 31 м2, запишани во Лист „Б“ од Имотен лист бр. ... за КО К. П. на име на покојната С. Т., поранешна од К.П., со идеален дел на недвижност од 2/4 (две четвртини), претставува оставина на покојната С. Т., поранешна од К.П. и истиот да влезе во оставинска маса на покојната.

III

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Г. Т. од К.П., да плати на тужителите Б. и Р.Т., паричен износ од 200.445,оо денари на име трошоци сторени во текот на оваа постапка, а се во рок од 15 дена по приемот на пресудата, под закана на присилно извршување.

Барањето на тужителите за надомест на трошоци во постапката, за

разликата од досудените 200.445,оо денари, до предјавените со писмен трошковник од ... година во износ од 378.406,оо денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Приговорот на тужениот Г. Т. за пресудена работа и за застареност на тужбеното барање, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителите во тужбата и преку својот полномошник во текот на постапката, наведоа дека на ден ... година бил составен Нотарски акт - Договор за дар на недвижен имот пред Нотар В. М. од К. П., заведен под ОДУ бр. .... Како договорни страни кај ваквиот едностранообврзувачки договор, се јавувале сега тужениот Г. Т. како даропримач и сега покојната С. Т. како databaseдародавач, која била роднина по крв во права линија - мајка на странките во оваа постапка. За да може еден договор да произведе правно дејство, односно за да може да биде полноважен, потребно било да бидат исполнети условите предвидени во закон, а пред се, условите кои се однесувале на способноста на договорните страни, волјата, предметот, каузата, формата на договорот и тн. Доколку тоа не било случај, односно доколку недостасувал некој од суштествените елементи на договорот, законодавецот предвидувал различни санкции во зависност од конкретниот недостаток, при што, некои недостатоци ги казнувал поблаго, а некои најригидно, односно предвидувал дека таквите договори нужно требало да бидат огласени за ништовни. Оваа тужба и постапката која била поведена од страна на тужителите имала за цел да докаже дека договорот за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година склучен кај нотар В. М. од К.П., содржел сериозен недостаток, поради кој судот требало истиот да го огласи за ништовен и да се смета дека истиот воопшто и не бил склучен. Согласно Законот за облигациони односи, дар можело да направи само лице со полна деловна способност, а деловната способност зависела од два фактори и тоа: возраста и душевното - менталното здравје на субјектот. Во конкретниот случај, станувало збор за договор за дар склучен со деловно неспособно лице како дародавател, односно сега покојната С. Т., поранешна од К.П.. Правно, морално и етички било недопустливо да се користи ваквата ситуација на едно лице се со цел зголемување на сопствениот имот и изигрување на другите наследници од истиот наследен ред. Во однос на дародавателот С. Т., поранешна од К.П., нужно било да се потенцира дека станувало збор за лице кое во времето на склучување на договорот за дар била во поодминати години од својот живот и по природниот тек на работите можело да се претпостави, а по кажување на тужителите и да се верува дека истата не била во добра здравствена состојба, како физичка, така и психичка - ментална, односно истата била лице без деловна способсбност како последица на нејзината здравствена состојба, со сериозни здравствени нарушувања кои силно влијаеле врз нејзината способност да расудува и да биде свесна за последиците од нејзините постапки. Во конкретниот случај, станувало збор за здравствени нарушувања кои биле констатирани и потврдени со соодветна медицинска документација во Заклучок на ЈУ Ц. за с. р. од К.П. за медицинско вештачење бр. ... од ... година, Наод, оцена и мислење за здравствена состојба, функционална способност и потреба од помош и нега од друго лице на стручната комисија бр. ... од ... година, а дијагнозите кои биле поставени, неспорно воделе до заклучон дека кај ова лице недостасувала способноста која била потребна за склучување на договорот.

Токму од тие причини била определена и одредена грижа од страна на Ц. за с. р. Фактот за способноста на randодавателот бил утврден и со медицинската документација во која била дијагностицирана нејзината здравствена состојба од страна на стручни лица и тоа во релативно краток период пред склучувањето на договорот за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година. За да не постои ни трошка сомнеж во поглед на она што било неопходно да постои кај дарувачот за да биде склучен полноважен договор за дар во поглед на неговата деловна способност, бил изготвен наод и мислење за покојната С. Т., бр. ... од ... година од ПЗУ А. - С. о. за н. и п., кое вештачење било извршено постсмртно. Заклучокот на вештото лице д-р М. Б. Д., невропсихијатар, е дека кај сега покојната С. Т. постоеле болести и состојби кои имале битно влијание брз нејзината можност слободно да ја изрази својата волја, адекватно да размислува, да управува со својте постапки и да го свати значењето на истите, што значи дека сите овие патолошки состојби имале значајно влијание врз деловната способност на С. Т. Согласно чл. 47-а од ЗОО, договорот на деловно неспособно лице бил ништовен. од сите приложени докази, произлегувало дека randодавателот не бил деловно способен, а иако не била покрената постапка за одземање на деловната способност на С. Т., тоа не можело да претставува причина сега да не биде утврдено тоа во оваа постапка. За ова, постоела и судска пракса ВСМ Рев. ... од ... година, ..., каде е предвидено дека не произведува правно дејство договор што го склучило деловно неспособно лице, без оглед што за време на склучувањето на договорот не била поведена постапка за одземање, односно ограничување на деловната способност. Исто така постоела и судска пракса, односно правни стојалишта од судската практика кон ..., каде јасно било наведено дека договарачот кој поради сериозноста на нарушувањето на здравјето не бил способен за расудување, без оглед на тоа што во време на преземањето на дејствието не му била одземена деловната способност, ја нема потребната деловна способност за склучување на договор, а судот може да утврди дека една од страните на договорот во време на склучување на истиот немала деловна способност, иако лишување на деловна способност не било утврдено со судска одлука, а се смета дека нема деловна способност не само лицето на кое таа му била одземена со одлука на судот, туку ниту она лице кое во времето на склучувањето на правната работа било душевно болно и неспособно да го свати значењето на своите дела. Што се однесувало пак до последиците од од ништовноста на договорот, согласно чл. 96 ст. 1 од Законот за облигациони односи, во случај на ништовност на договорот, секоја договорна страна била должна да и го врати на другата сето она што го примила врз основа на таквиот договор, а ако тоа не било можно, или ако природата на она што било исполнето му се спротивставувала на враќањето, ќе се дадел соодветен надомест во пари, според цените во времето на донесувањето на судската одлука, доколку со закон не било предвидено нешто друго. Согласно став 2 од истиот член, договарачот кој бил виновен за склучување на ништовен договор, му одговарал на содоговарачот за штетата што ја трпел поради ништовноста на договорот, ако овој не знаел или според околностите не морал да знае за постоењето на причините за ништовност. Договорот за дар кој е ништовен не произведува правно дејство, па оттука имотот кој е предмет на таквиот договор, не е запишан во Книгата во која се запишуваат правата на недвижностите при К. на н. на име на даропримачот, а оставинската постапка за оставината на покојната С. Т. не е правосилно завршена. Поради тоа, тужителите имале правен интерес од утврдување на

ништовност на договорот за дар на недвижен имот ОДУ бр. ..., како и да бараат бришење на последиците што ги произведувал истиот, како и враќање на имотот на име на дародавачот, сега покојната С. Т., и понатаму тој имот да влезе во нејзината оставинска маса и да се распределува согласно Законот за наследување. Имајќи го предвид сето понапред наведено, а како договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година на Нотар В. М. од К.П. бил ништовен, бидејќи бил склучен со лице дародавач кое било деловно неспособно, со нарушено здравје и неспособно за расудување и управување со својте постапки, тужителите имале правен интерес во оваа постапка да се утврди ништовноста на понапред наведениот договор. По однос на наводите на тужениот изнесени во одговор на тужбата дека во конкретниот случај станувало збор за пресудена работа, тужителите преку својот полномошник појаснуваат дека не се работи за ист основ на тужбеното барање сега во оваа постапка и во постапката која претходно била водена пред овој суд заведена под П1 бр. ..., каде основот бил раскинување на договорот за подарок ОДУ бр. ..., додека сега основот бил поништување на споменатиот договор, што било сосема различен правен основ. Имено, ништовноста претставувала категорија на неполноважни, неважечки правни дела, кои настанувале кога изостанувале некои од суштествените претпоставки за настанување на полноважност и за разлика од ништовноста како правна санкција во случај на неисполнување на некоја од законските суштествени претпоставки, раскинувањето на договорот бил сосема друг правен институт предвиден во Општиот дел од Законот за облигациони односи за чие настапување биле предвидени други правни претпоставки. Со писмен поднесок, полномошникот на тужителите предложи тужбеното барање да биде усвоено како што е прецизирано со поднесокот и да се утврди дека договорот за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година, склучен кај Нотар В. М. од К.П. е ништовен и како таков не произведува дејство, како и да се утврди дека недвижниот имот и тоа: кп ..., дел 1, м. в. , број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 001, кат ПР, број 001, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 40 м2, кп ..., дел 1, м. в. М. Т. ..., број на зграда 1, намена на зграда А!-1, влез 001, кат ПР, број 001, намена на посебен дел од зграда П, со внатрешна површина од 15 м2 и недвижниот имот кој претставува кп ..., дел 1, м. в. М. Т. ..., број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 002, кат К1, број 002, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 54 м2, запишани во Лист „В“ од Имотен Лист бр. ... за К. О. К.П.1 на име на тужениот Г. Т. од К.П., со идеален дел на недвижност од 2/4 (две четвртини), претставува оставина на покојната С. Т., поранешна од К.П., па да се задолжи тужениот Г. Т., да трпи пренос на недвижниот имот запишан во лист „В“ од Имотен Лист бр. ... за КО К.П. од негово име на име на покојната С. Т., поранешна од К.П. и истиот да влезе во оставинска маса на покојната, како и да се утврди дека недвижниот имот и тоа: кп ..., дел 1, м. в. М. Т., култура гз/гиз, во површина од 216 м2, кп ..., дел 1, м. в. М. Т., култура гз/зпз1, во површина од 84 м2 и кп ..., дел 1, м. в. М. Т., култура гз/зпз2, во површина од 31 м2, запишани во Лист „Б“ од Имотен лист бр. ... за КО К.П. на име на покојната С. Т., поранешна од К.П., со идеален дел на недвижност од 2/4 (две четвртини), претставува оставина на покојната С. Т., поранешна од К.П. и истиот да влезе во оставинска маса на покојната, а тужениот да биде задолжен да ги надомести на тужителите трошоците сторени во текот на оваа постапка, бидејќи од сите изведени докази во текот на постапката како вербални, така и материјални, се утврдила основаноста на тужбеното барање на тужителите, а пред се од вештиот наод и мислење на

вештото лице А. Н., како и неговото појаснување дадено на записник пред овој суд, јасно се утврдило дека сега покојната С. Т. во времето на склучување на договорот за подарок ОДУ бр. ... имала нарушено здравје и здравствени проблеми, поради кои не била способна во целост и самостојно да управува со својте постапки, односно во времето на склучување на договорот за дар, сега покојната С. Т. била делумно деловно способна, поради што и склучениот договор бил ништовен и требало да се поништи како таков, а сето она што било подарено со овој договор на сега тужениот да се врати во оставината на сега покојната С. Т. и да претставува нејзина оставинска маса. Докази предложи, а трошоци побарува по доставен трошковник.

Тужениот во одговор на тужба и во текот на постапката, преку својот полномошник го оспорува тужбеното барање на тужителите и предлага истото да биде одбиено како неосновано, при што, најпрво истакнува приговор за пресудена работа, со образложение дека помеѓу истите странки и за истиот правен основ, веќе била водена постапка пред овој суд и била донесена правосилна пресуда П1 бр. ... од ... година. Покрај приговорот на пресудена работа, тужениот истакнува и приговор на застареност на тужбено барање, од причина што иако петитумот на тужбеното барање бил утврдување ништовност на предметниот договор за дар, сепак сите наводи во тужба се однесувале на одредбите за рушливи договори, па со оглед да ваквите договори застарувале, односно во конкретниот случај станувало збор за договор за дар склучен ... година, истекол и објективниот рок од три години за раскинување на предметниот договор за дар заради рушливост. Сега спорниот договор за дар бил склучен уште во ... година и се до ... година тужителите не презеле ништо во однос на ваквиот договор, а во ... година тужителот заедно со сега покојната С. дародавател во конкретниот случај, поднеле барање за добивање решение за локациски услови за градење, па се поставувало прашање како во истиот период сега покојната С. била деловно способна за пдонесување на вакво барање, а не била способна за склучување на договор за дар. Што се однесувало пак до доказите доставени од тужителите, тужениот тврди дека истите биле доставени од страна на тужителите во жалбена постапка во предметот П1 бр. ..., но истите од страна на Апелациониот суд С. не биле земени во предвид при одлучувањето. Приговара на доказите врз основа на кои било изготвено вештачењето од вештото лице М. Д., од причина што истите биле извадени од предмет за обезбедување туѓа нега и истите не биле поткрепени со специјалистички извештаи, со кои ќе се се утврдела точната дијагноза врз основа на која се доделувала туѓата нега. Вештото лице само ја извртувало фактичката состојба со изготвеното вештачење и наведувало дека вршело увид во отпусно писмо на О. б. К.П. од април ... г. како и во специјалистички извештај на доктор Ч. Т. невропсихијатар, без притоа да ја наведе точната дијагноза, како и времето во кое лицето С. Т. била на болничко лекување, потоа која терапија и била дадена, број на историја и други битни работи што ги содржело едно отпусно писмо. Вештото лице го цитирало и извештајот од доктор Ч. Т., без број и без утврдена дијагноза, за да понатаму во вештачењето наведе дека лицето С. претрпела мозочен удар и имала зафатеност на левата страна - левата рака и левата нога, се со цел извртување на фактичката состојба, односно вештото лице врз основа на медицинска документација од ... год. поврзувало болести што се случиле во ... година, со болести од ... год. Од наведените причини, тужениот во целост приговара на наведеното медицинско вештачење изготвено од доктор М. Д. Во текот на постапката, тужениот преку својот полномошник приговори на

решението на судот со кое на тужителите им е дозволено ново вештачење за деловната способност на сега покојната С. Т., спротивно на чл. 235 од Законот за парнична постапка, според кој, вештачење како доказ може да се поднесе само со тужбата и со одговор на тужбата, а со оглед да тужителите со тужбата доставиле доказ вештачење изготвено од вешто лице кое немало лиценца, односно на кое му била истечена лиценцата за вештачење и како такво судот не го прифатил и одбил да го изведе како доказ, при состојба кога податоците за листата на лиценцирани вештачи се јавно објавени на Веб страната на М. за п. на РМ, па тужителите по своја вина дозволиле и побарале да им се изготви вештачење од вешто лице кое имало истечена лиценца за вештак, па оттука, а имајќи го предвид понапред наведениот член од ЗПП, како и фазата во која сега се наоѓала постапката пред овој суд по овој предмет, ново вештачење за деловната состојба на сега покојната С. Т., не можело и не требало да се дозволи од страна на судот. Сега судот на некој начин им правел услуга давајќи им можност на тужителите да достават доказ вештачење на петта главна расправа, иако тоа не е дозволено согласно одредбите на ЗПП, како што не е дозволено судот самиот да определува вештачење во ситуација кога тужителите не барале ново вештачење, бидејќи со измените на Законот за парнична постапка, судот имал пасивна улога и истиот изведувал само докази на предлог на странките учесници во постапката, а не по свое слободно видување сам да определува вештачење без такво барање од странките, во конкретниот случај од тужителите. По изготвување на вештиот наод и мислење од вештото лице А. Н., тужениот преку својот полномошник приговори и на овој вешт наод и мислење, со образложение дека ова вешто лице својот наод го засновало на отпусно писмо со број историја на болест ... со прием на сега покојната С. на болничко лекување од ... година, до ... година, и лекувана од страна на доктор Ч. Т. од К.П., со лекови кои се давале при состојба на мозочен удар, иако видно од наведеното отпусно писмо се гледало дека примарната дијагноза на сега покојната С. била спондилоза, додека секундарни дијагнози биле висок крвен притисок и покачен шеќер, а никаде не било наведено дека истата имала мозочен удар и зафатеност на левостраните екстремитети. Оттука, основано се поставувало прашањето, дали сега покојната С. навистина имала доживеано мозочен удар, или пак наведените медикаменти и биле давани со цел да се спречи случување на мозочен удар, односно како превенција поради покачениот рвен притисок. Понатаму, ако се погледнела документацијата на основа на која била одобрена помош и нега од друго лице на сега покојната С., се гледало дека според Б. индекс, сега покојната С. имала намален индекс од 75, што значело дека истата имала намалени физички способности поради кои и била одобрена туѓа нега, бидејќи во делот на проценката на нејзината ментална состојба, графата била празна без испишани податоци, од што можело да се заклучи дека кај сега покојната С. немало податоци за нарушување на нејзината ментална состојба. Имајќи го предвид сето понапред наведено, тужениот предлага тужбеното барање на тужителите да биде одбиено како неосновано, од причина што согласно чл. 95 од Законот за облигациони односи, не можело да стане збор за ништовност на договорот за дар во конкретниот случај, бидејќи ништовни се само договорите кои не се во согласност со уставот, законот и добрите обичаи, ако целта на повреденото правило не упатувала на некоја друга санкција или ако со закон во определениот случај не било предвидено нешто друго, додека согласно чл. 103 од ЗОО, договорите кои се склучени со ограничено деловно способно лице се рушливи договори. Бидејќи договорот за дар во конкретниот

случај е склучен на ден ... година, согласно чл. 109 од ЗОО, правото за поништување на овој договор престанувало по истекот на три години од денот на склучување на договорот, поради што во конкретниот случај постоела застареност на тужбеното барање. Доколку пак, судот не го одбие тужбеното барање на тужителите поради пресудена работа или поради застареност, тогаш треба да го одбие како неосновано, бидејќи тужителите не докажале дека на страната на сега покојната С. Т. постоела деловна неспособност за склучување на договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година, склучен кај Нотар В. М. од К.П.. Докази предложи, а трошоци бара по доставен трошковник.

Судот ги изведе предложените докази и тоа: изврши увид во договор за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година на нотар В. М. од К.П., наод, оценка и мислење број ... од ... година на стручната комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице на сега покојната С. Т., предлог за медицинско вештачење за утврдување на потреба од помош и нега од друго лице, со наод, оценка и мислење на надлежен матичен лекар на ПЗУ Д-р И. С. од К.П. од ... година, наод и мислење на стручен работник од ЈЗУ МЦСР К.П. број ... од ... година, лабараториски упат за потребите на примарна здраствена заштита број ... од ... година на П. з. у. - О. по о. м. И. С., пресуда П1 бр. ... од ... година на Основниот суд К. П. и списите по предметот П1 бр. ..., решение за локациски услуги на Општина К.П. број ... од ... година, отпусно писмо број ... за болничко лекување на С. Т. од ... до ... година во М. ц. К.П., со прилог податоци за преглед, дијагноза, оценка и мислење на С. к. за давање наод, оценка и мислење за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, заведено во Ц. за с. р. под број ... од ... година, барање до ЈУ МЦСР К.П. за продолжување на право на паричен надомест за помош и нега од друго лице за С. Т., заведено во ЈУ МЦСР под број ... на ... година, извештај на специјалист - субспецијалист број ... од ... година, број ... од ... година, број .... од ... година, број ... од ... година, број ... од ... година, број ... од ... година, сите на М. ц. К.П., мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, извештај на специјалист број ... од ... година, број ... од ..., двата на М. ц. К.П., записник за извршен непосреден увид број ... од ... година на МЦСР К.П., барање од С. Т. од ЈУ МЦСР К.П. број ... од ... година, заклучок за упатување на лице на медицинско вештачење заради оцена на здраствена состојба, функционалната способност и потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година на ЈУ МЦСР К.П., мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице од ... година, решение на ЈУ МЦСР К.П. број ... од ... година за признавање право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, извештај на стручна комисија за давање оценка и мислење за потреба од помош и нега од друго лице, заведен во Ц. за с. р. под број ... од ... година, мнение на матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, извештај на специјалист - субспецијалист број ... од ... година, број ... од ... година, решение за признавање право на паричен надомест за помош и нега од друго лице број ... од ... година на ЈУ МЦСР К.П., решение за признавање право на паричен надомест за помош и нега од друго лице број ... од ... година на МЦСР, барање за остварување - продолжување право на паричен надомест за помош и нега од друго лице, заведено под број ... од ... година на ЈУ МЦСР Крива Паланка, мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број 9571 од 16.11.2013 година, извештај на стручна комисија за давање оценка и мислење за потреба од помош и нега од друго лице, заведено во МЦСР Крива Паланка број 1295 од 18.11.2013 година, решение за престанок на

право на паричен надомест број 10-856/3 од 26.10.2015 година на ЈУ МЦСР К. П., мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, извештај на специјалист број ... од ... година на М. ц. К.П., лекарска потврда на Д-р И. С. број ... од ... година, извештај на стручна комисија за давање оценка и мислење за помош и нега од друго лице, заведена во ЈУ МЦСР К.П. број ... од ... година, конзилијарно мислење број ЛК ... од О. б. "... С." од ... година, извештај на кабинет за ехо дијагностика и уринарен систем број ... од ... година на К. Ц. С. - Н., отпусно писмо на З. д. К.П. за период од ... до ... година број ..., лабараториски упат со извештај број .... од ... година, извештај на специјалист број ... од ... и број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., од ... година, бр. ... од ... година, бр. ... од ... година, бр. ... од ... година, сите на М. ц. К.П., копија од лекарски дневник и од здравствен картон на Т. С., потврда ... од ... година, имотен лист број ... на КО К.П., имотен лист број ... на КО К.П., лекарски наод и мислење - судско медицинско вештачење број ... од ... година на професор доктор специјалист А. Н. од ЈЗУ К. за п. С., извештај на специјалист број ... од ... година на Д-р Ж. К., извештај за давање наод, оценка и мислење за потреба од помош и нега од друго лице заведено во ЈУ МЦСР под борј ... од ... година, мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, барање за остварување право на помош и нега заведено под број ... од ... година во ЈУ МЦСР К.П., изјава од С. Т. од ... година дадена пред Ц. за с. работи К.П., записник за извршен непосреден увид број ... од ... година, извештај на специјалист - субспецијалист број ... од ... година и број ... од ... година, барање за остварување на право на паричен надомест за помош и нега од друго лице број ... од ... година на МЦСР К.П., извештај на специјалист број ... од ... година, лекарска потврда број ... од ... на Д-р И. С., како и исказите на сведокот Нотар В. М. од К.П., вештото лице проф. д-р А. Н., како и исказите на странките дадени на расправа пред судот, па по совесна и грижлива оценка на секој доказ посебно и на сите заедно, а на основа свое слободно судиско уверување во смисла на член 7 и 8 од ЗПП, ја утврди следната фактичка положба:

Тужителите Б. и Р.Т. и тужениот Г. Т. се крвни сродници - браќа и деца на сега покојната С. Т. која била нивна мајка.

Со Нотарски акт - Договор за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година на Нотар В. М. од К.П., сега покојната С. Т. како дародавател на својот син сега тужениот Г. Т. како дароприматал, му подарила две идеални четвртини од имотот запишан во Имотен Лист бр. ... за КО К.П. и тоа: кп ..., дел 1, пл. 019, ск. 089, м. в. М. Т., к. кул. 70000, во површина од 235 м2, кп ..., дел 1, згр. 1, пл. 019, ск. 089, м. в. М. Т., к. кул. 50000, во повр. од 83 м2 и кп ..., дел 1, згр 2, пл 019, ск 089, м. в. М. Т., к. кул. 60000, во повр. од 32 м2, на кои дародавателката била корисник на 2/4 (две идеални четвртини) и кп ..., дел 1, згр. 1, вл. 001, кат ПР, стан 001, нам. ма згр. 00511, м. в. М. Т. ..., соб. 002, мат. на гр. 891, во повр. од 15 м2, ос. на гр. 1, год. на гр. 1965, кп ..., дел 1, згр. 1, вл. 001, кат ПР, стан 001, нам. на згр. 00513, м. в. М. Т. ..., соб. 001, мат. на гр. 891, во повр. од 40 м2, ос. на гр. 1, год. на гр. ... и на кп ..., дел 1, згр. 1, вл. 002, кат 01, стан 002, нам. на згр. 00513, м. в. М. Т. ..., соб. 003, мат. на гр. 893, во повр. од 54 м2, ос. на гр. 1, год. на гр. 1965, на кои дародавателката била сопственик на 2/4 (две идеални четвртини). Во к. е., договорот за дар е спроведен во делот за куќата и со список на промени од ... година, сега тужениот е запишан во ИЛ бр. ... за КО К.П.1, како сосопственик на 2/4 (две идеални четвртини) од куќата лоцирана на улица М. Т. бр. ..., а тужителите Б. и Р.Т. се запишани во истиот имотен лист како

сосопственици на ПО 1/4 (идеална четвртина) од спомената куќа, додека во делот за земјиштето, договорот за дар не е спроведен во к. е. и во Имотниот Лист бр. ... за КО К.П. земјиштето под зграда и дворното место се запишани на име на сега тужителите со идеален дел на недвижност од по 1/4 и на сега покојната С. Т. со идеален дел на недвижност од 2/4, а основ на ваквото запишување е решение за приватизација УП 1 бр. ... од ... годиња, додека уписот е извршен на ... година.

Сега покојната С. Т. во времето кога го склучила договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година имала нарушено здравје и болести, кои имале битно влијание врз можноста слободно да ја изразува својата волја, адекватно да размислува да управува со своите постапки и да го свати значењето на истото. Мозочниот удар што се случил околу шест месеци пред потпишувањето на договорот, недостатокот на мозочна циркулација и дементниот развој кој неминовно прогресирал имале влијание врз деловната способност на давателот на подарок. Сега покојната С. со барање од ... година до Ц. за с. р. во К.П., поради неможноста самостојно да ги задоволува основните животни потреби, барала да оствари право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, а по предлог од матичен лекар од ПЗУ д-р И. С., за утврдување на потреба од помош и нега од друго лице, поради наслабување на мозочните и срцевите функции, поради што тешко се движи, се занесува, паѓа, може да се повреди и од тие причини има потреба некој постојано да се грижи за неа и со заклучок од ЈУ М. ц. за с. р. од К.П. од ... година, сега покојната С. е упатена на медицинско вештачење заради оценка на нејзината здравствена состојба, функционалната способност и потребата од помош и нега од друго лице, по што, стручната комисија за давање наод, оцена и мислење за здравствената состојба, функционалната способност и потребата од помош и нега од друго лице, со наод бр. ... од ... година, утврдила дека сега покојната С. имала преживеано мозочен удар - статус после ЦВИ, делувала отсутно, дезориентирано, тешко се движела и не можела самостојно да ги обавува својте основни физиолошки потреби, односно имала намалена функционална способност според Б. индекс од 71 (61-90), поради што истата имала потреба од помош и нега од друго лице од помал обем, бидејќи со помош на ортопедски помагала, можела да се движи во станот или надвор од него и со решение на ЈУ М. ц. за с. р. К.П., на сега покојната С. и е признаено правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем и ваквото право во континуитет и било продолжувано на нејзино барање, со што истата го користела ова право се до смртта, односно до ... година кога починала, по што со решение бр. ... од ... година, Ц. за с. р. од К.П. утврдил престанок на ова право поради смрт на сега покојната С.

За целиот период од утврдувањето на потребата од помош и нега од друго лице, па се до смртта, сега покојната С. била во континуитет лекувана поради нарушената здравствена состојба и истата имала повеќе хронични прогресивни болести а хипертензијата, срцевата слабост и другите ризик фактори допринеле да се јави и мозочен удар  со спастичката одземеност на левостраните екстримитети и прет мозочниот удар имала проглем со мозочната циркулација и со достигнување на тип исхемичен праг дошло до оштетување на мозокот поради исфемичкиот инфракт, со консективна одземеност на левите екстремитети. и развој на деменција кој е верификуван од повеќе специјалисти прогресувен тек и негова генеза со години нанапред  седум до осум години пред да биде дијагностицирана Деменција со Алихалмеров тип и атеросклеротичен васкуларен тип, која болест влијаела врз способноста пациентката адекватно да

расудува, свајча и управува со своите постапки, како и слободно да ја изразува својата волја Видно од целокупната медицинска документација, е дека сега покојната Севда имала нарушено здравје, заради што и била на болничко лекување во периодот од ... до ... година во З. Д. во К.П., каде била лекувана од страна на специјалист невропсихијатар д-р Ч. Т. и тоа со медикаменти Капс Оикамид - ноотропик кој се дава кај мозочен удар, потоа трентал - вазодилатор, како и кардиопирин, скоприл и склеран, кои лекови вообичаено се препишувале кај мозочен удар. Како што утврдило вештото лице проф. д-р сци. А. Н., во својот лекарски наод и мислење, а кое нешто го потврди и во даденото појаснување на расправа пред судот, сите овие болести кај сега покојната С. Т., сосема јасно потврдувале дека истата во времето кога го склучила и потпишала договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година, имале битно влијание врз нејзината можност слободно да ја изрази својата волја, адекватно да размислува, да управува со своите постапки и да го свати значењето на истите, токму поради претрпениот мозочен удар во периодот од шест месеци пред склучување на договорот за дар, недостаточноста на мозочната циркулација и дементниот развој кој неминовно прогредирал, а кои заедно имале влијание врз нарушување на деловната способност на сега покојната С.

Помеѓу странките веќе е водена постапка пред овој суд заведена под П1 бр. ..., за раскинување на споменатиот договор за дар ОДУ бр. ... од ... година и оваа постапка е правосилно завршена со одбивање на тужбеното барање на сега тужителите, додека предмет на тужбено барање во оваа судска постапка која се води помеѓу истите странки, е поништување на договор за дар ОДУ бр. ... од ... година.

Имајќи предвид дека во конкретниот случај се работи за договор за дар склучен од страна на лице во својство на дародавател кое во времето на склучување поради низа болести и нарушено здравје, не било во состојба рационало и свесно да размислува и расудува, односно поради дијагностицираната Алцхајмерова болест и деменција, како последица на преживеаниот мозочен удар, лицето дародавател било деловно неспособно и како такво не можело да самостојно да учествува во правниот промет, односно да склучи и потпише договор за дар, судот наоѓа дека Договор за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година на Нотар В. М. од К.П., во кој договорни страни се сега покојната С. Т. како дародавател и сега тужениот Г. Т. како дароприматеl, е ништовен, поради тоа што е склучен од деловно неспособно лице - дародавателот С., поради што истиот е ништовен и не произведува правно дејство.

Предната фактичка половжба, судот ја утврди од доказите изведени во текот на постапката и тоа: фактите во поглед на сродството на странките помеѓу себе и со сега покојната С. Т., судот ги утврди од исказите на самите странки кога беа сослушани во текот на оваа постапка. Од увидот во Нотарски акт - Договор за дар на недвижен имот ОДУ бр. ... од ... година на Нотар В. М. од К.П., сега покојната С. Т. како дародавател на својот син сега тужениот Г. Т. како дароприматеl, му подарила две идеални четвртини од имотот запишан во Имотен Лист бр. ... за КО К.П., кој имот е детално опишан во наведениот договор за дар. Од увидот во наод, оцена и мислење за здравствената состојба, функционалната способност и потребата од помош и нега од друго лице бр. ... од ... година на стручната комисија за оценка на здравствената и функционалната способност и потребата од помош и нега од друго лице со Б. индекс, предлогот од матичен лекар од ПЗУ д-р И. С. од ... година за медицинско вештачење за

утврдување на потреба од помош и нега од друго лице, наод и мислење на стручен работник од ЈУ М. ц. за с. р. К.П.1 бр. ... од ... година, записник за извршен непосреден увид бр. ... од ... година на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа К.П., барање од Севда Тодоровска до ЈУ М. ц. за с. р. К.П. од ... година, заклучок за упатување на лице на медицинско вештачење заради оценка на здравствената состојба, функционалната способност и потребата од помош и нега од друго лице бр. ... од ... година на ЈУ М. ц. за с. р. К.П., решенија за признавање на право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и решение бр. ... од ... година за престанок на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, сите на ЈУ М. ц. за с. р. К.П.1, судот утврди дека сега покојната С. со барање од ... година до Ц. за с. р. во К.П., поради неможноста самостојно да ги задоволува основните животни потреби, барала да оствари право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, а по предлог од матичен лекар од ПЗУ д-р И. С., за утврдување на потреба од помош и нега од друго лице, поради наслабување на мозочните и срцевите функции, поради што тешко се движи, се занесува, паѓа, може да се повреди и од тие причини има потреба некој постојано да се грижи за неа и со заклучок од ЈУ М. ц. за с. р. од К.П. од ... година, сега покојната С. е упатена на медицинско вештачење заради оценка на нејзината здравствена состојба, функционалната способност и потребата од помош и нега од друго лице, по што, стручната комисија за давање наод, оцена и мислење за здравствената состојба, функционалната способност и потребата од помош и нега од друго лице, со наод бр. ... од ... година, утврдила дека сега покојната С. имала преживеано мозочен удар - статус после ЦВИ, делувала отсутно, дезориентирано, тешко се движела и не можела самостојно да ги обавува својте основни физиолошки потреби, односно имала намалена функционална способност според Б. индекс од 71 (61-90), поради што истата имала потреба од помош и нега од друго лице од помал обем, бидејќи со помош на ортопедски помагала, можела да се движи во станот или надвор од него и со решение на ЈУ М. ц. за с. р. К.П., на сега покојната С. и е признаено правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем и ваквото право во континуитет и било продолжувано на нејзино барање, со што истата го користела ова право се до смртта, односно до ... година кога починала, по што со решение бр. ... од ... година, Ц. за с. р. од К.П. утврдил престанок на ова право поради смрт на сега покојната С. Од увидот во отпусно писмо бр. ... од З. д. К.П., судот утврди дека сега покојната С. била на болничко лекување во периодот од ... до ... година во З. Д. во К.П., каде била лекувана од страна на специјалист невропсихијатар д-р Ч. Т. и тоа со медикаменти Капс Оикамид - ноотропик кој се дава кај мозочен удар, потоа трентал - вазодилатор, како и кардиопирин, скоприл и склеран, кои лекови вообичаено се препишувале кај мозочен удар, кое нешто го потврди вештото лице професор доктор сци. А. Н. од ЈЗУ К. за п. С., кое во својот вешт наод и мислење ја објасни примената на овие медикаменти. Вештото лице А. Н. во изготвениот лекарски наод и мислење - судско медицинско вештачење број ... од ... година, наведува дека сега покојната С. била во континуитет лекувана поради нарушената здравствена состојба и истата имала дијагностицирано повеќе болести и тоа: мозочен удар, развој на деменција, генерализирана атеросклероза како и цереброваслуларна болест и постепен развој на Алхајмерова болест, која била од доцен почеток односно после шеесетипетата година од животот на пациентката и видно од целокупната медицинска документација, било дека сега покојната С. имала нарушено здравје, заради што

и била на болничко лекување во периодот од ... до ... година во З. Д. во К.П., каде била лекувана од страна на специјалист невропсихијатар д-р Ч. Т. и тоа со медикаменти Капс Оикамид - ноотропик кој се дава кај мозочен удар, потоа трентал - вазодилатор, како и кардиопирин, скоприл и склеран, кои лекови вообичаено се препишувале кај мозочен удар, а сите овие болести кај сега покојната С. Т. сосема јасно потврдувале дека истата во времето кога го склучила и потпишала договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година, имале битно влијание врз нејзината можност слободно да ја изрази својата волја, адекватно да размислува, да управува со своите постапки и да го свати значењето на истите, токму поради претрпениот мозочен удар во периодот од шест месеци пред склучување на договорот за дар, недостаточноста на мозочната циркулација и дементниот развој кој неминовно прогредирал, а кои заедно имале влијание врз нарушување на деловната способност на сега покојната С. Во своето појаснување дадено на расправа пред судот на ... година, одговарајќи на поставени прашања од полномошниците на странките, вештото лице појасни дека сега покојната С. имала хронични болести како хипертензија - покачен крвен притисок и срцева слабост, кои допринеле да се јави мозочен удар, и дека мозочниот удар се јавил во периодот некаде пред месец јуни ... година, бидејќи во времето од ... до ... година, сега покојната С. била болнички лекувана во З. д. во К.П. од специјалист невропсихијатар, при што примала терапија која се давала на пациенти при состојба после мозочен удар, а ваквата дијагноза е потврдена од стручната Комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице составена од тројца специјалисти, која комисија јасно навела дијагноза состојба после мозочен удар, при што комисијата навела дека при прегледот сега покојната делува отсустно, безориентирано, тешко се движела и не можела самостојно да ги обавува физиолошките потреби, поради што и била ставена шифра на дијагнозата И 69.3, што означувало последица од мозечен удар и извештајот бил од ... година. Не можел да каже кој ден бил мозочниот удар, бидејќи не било наведено дато кога бил мозочниот удар, меѓутоа состојбата на пациентката била последица на мозочен удар. Како последица на мозочен удар, воглавно се закочувале екстремитетите, но и при мозочен удар и спастична одземеност на левостраните екстремитети, појасни дека пациентот може да биде способен да се храни, облекува и да обавува физиолошки потреби со помош од друго лице. Вештото лице појасни и дека деменцијата може да се јави како резултат односно, како последица на мозечен удар, но и како деменција од алцхајмеров вид, која што не е поврзана со мозочен удар, а во конкретниот случај се работело за мешовита деменција како резултат на мозочен удар и алцхајмерова деменција. Појасни и дека дијагнозата сиптоматска главоболка и наодот од комјутерска томографија од ... година во кој не биле забележани никакви промени на главата, односно на мозокот како што бил мозочен удар, артрофии на мозокот и слично, не ги поништуваат, односно оспоруваат последиците од мозочен удар и деменција, а со комјутеризирана томографија, не можела да се утврди деменција. Ова се потврдувало и од извештајот од ... година на ПЗУ Д-р И. С., каде што јасно било наведено дека ориентацијата на пациентката - сега покојната С. во простор се губела, во моменти потполно и во време, како и кон личности и во овој извештај јасно била наведена дијагноза дименцио сенилист, а предходно биле наведени дијагнозите за состојба после мозочен удар и генерализирана општа артериосклероза, што значело мозочна и телесна, а овие наоди биле резултат на прегледи на невропсихијатар, интернист и преглед од матичен лекар, со што

се потврдувал заклучокот на ова вешто лице дека покојната С. Т. во време на потпишување на спорниот договор за подарок, била деловно неспособна личост и не можела да учествува во правниот промет. Од увидот во медицинска документација и тоа: лабараториски упат за потребите на примарна здраствена заштита број ... од ... година на П. з. у. - О. по о. м. И. С., извештај на специјалист - субспецијалист број ... од ... година, број ... од ... година, број ... од ... година, број ... од ... година, број ... од ... година, број ... од ... година, сите на М. ц. К.П., мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, извештај на специјалист број ... од ... година, број ... од ..., двата на М. ц. К.П., мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице од ... година, решение на ЈУ МЦСР К.П.1 број ... од ... година за признавање право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, извештај на стручна комисија за давање оценка и мислење за потреба од помош и нега од друго лице, заведен во Ц. за с. р. под број ... од ... година, мнение на матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, извештај на специјалист - субспецијалист број ... од ... година, број ... од ... година, решение за признавање право на паричен надомест за помош и нега од друго лице број ... од ... година на ЈУ МЦСР К.П., решение за признавање право на паричен надомест за помош и нега од друго лице број ... од ... година на МЦСР, барање за остварување - продолжување право на паричен надомест за помош и нега од друго лице, заведено под број ... од ... година на ЈУ МЦСР К.П., мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, извештај на стручна комисија за давање оценка и мислење за потреба од помош и нега од друго лице, заведено во МЦСР К.П. број ... од ... година, мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број ... од ... година, извештај на специјалист број ... од ... година на М. ц. К.П., лекарска потврда на Д-р И. С. број ... од ... година, извештај на стручна комисија за давање оценка и мислење за помош и нега од друго лице, заведена во ЈУ МЦСР К.П. број ... од ... година, конзилијарно мислење број ЛК ... од О. б. "... С." од ... година, извештај на кабинет за ехо дијагностика и уринарен систем број ... од ... година на К. Ц. С. - Н., отпусно писмо на З. д. К.П. за период од ... до ... година број 900, лабараториски упат со извештај број ... од ... година, извештај на специјалист број ... од ... и број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., број ... од ..., од ... година, бр. ... од ... година, бр. ... од ... година, бр. ... од ... година, сите на М. ц. К.П., копија од лекарски дневник и од здравствен картон на Т. С., потврда ... од ... година, извештај на специјалист број ... од ... година на Д-р Ж. К., извештај за давање наод, оценка и мислење за потреба од помош и нега од друго лице заведено во ЈУ МЦСР под борј ... од ... година, мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице број .... од ... година, барање за остварување право на помош и нега заведено под број ... од ... година во ЈУ МЦСР К.П., изјава од С. Т. од ... година дадена пред Ц. за с. р. К.П., записник за извршен непосреден увид број ... од ... година, извештај на специјалист - субспецијалист број ... од ... година и број ... од ... година, барање за остварување на право на паричен надомест за помош и нега од друго лице број ... од ... година на МЦСР К.П., извештај на специјалист број ... од ... година, лекарска потврда број ... од ... на Д-р И... С., судот утврди дека за целиот период од утврдувањето на потребата од помош и нега од друго лице, па се до смртта, сега покојната С. Т. била во континуитет лекувана поради нарушената здравствена состојба и истата имала дијагностицирано повеќе болести, поради кои и не била во состојба самостојно да се грижи за себе и за задоволување на

својте основни животни потреби, поради што всушност и и било признаено правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, кое во континуитет и било продолжувано се до нејзината смрт. Од увидот во имотен лист број ... на КО К.П. и имотен лист број ... на КО К.П., судот утврди дека во катастарската евиденција, договорот за дар е спроведен само во делот за куќата и со список на промени од ... година, сега тужениот е запишан во ИЛ бр. ... за КО К.П., како сосопственик на 2/4 (две идеални четвртини) од куќата лоцирана на улица М. Т. бр. ..., а тужителите Б. и Р.Т. се запишани во истиот имотен лист како сосопственици на ПО 1/4 (идеална четвртина) од спомената куќа, додека во делот за земјиштето, договорот за дар не е спроведен во катастарската евиденција и во Имотниот Лист бр. ... за КО К.П. земјиштето под зграда и дворното место се запишани на име на сега тужителите со идеален дел на недвижност од по 1/4 и на сега покојната С. Т. со идеален дел на недвижност од 2/4, а основ на ваквото запишување е решение за приватизација УП 1 бр. ... од ... годиња, додека уписот е извршен на ... година. Од увидот во списите на предметот П1 бр. ..., судот утврди дека помеѓу истите странки веќе била водена постапка пред овој суд за раскинување на договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година и оваа постапка е правосилно завршена со одбивање на тужбеното барање на сега тужителите, додека сега во оваа судска постапка, а која се води помеѓу истите странки, предмет на тужбено барање е поништување на договор за дар ОДУ бр. ... од ... година, поради што, во конкретниот случај не станува збор за пресудена работа како што тврди тужениот, бидејќи основот на тужбеното барање во двата предмети е различен. Видно од правосилната пресуда на овој суд П1 бр. ... од ... година, е дека со истата е одбиено тужбеното барање на сега тужителите против тужениот за раскинување на сега спорниот договор ОДУ бр. ... од ... година, а во смисла на член 556 став 1, член 557 и член 563 од Законот за облигациони односи, кои одредби ја регулираат полноважноста на договорот за дар, а како што потврдил и Апелациониот суд С. во пресудата ГЖ бр. ... од ... година, на страна 3, првостепениот - овој суд правилно постапил кога го одбил тужбеното барање на тужителите во смисла на понапред цитираните одредби од ЗОО; од причина што тужителите доколку сметале дека договорот за дар е ништовен, можеле да го раскинат истиот за време додека била жива нивната мајка - поклонодавателката С., а со оглед да во постапката не докажале дека постоеле маани во волјата на поклонодавателката и недостаток на деловна способност, не успеале ниту да го поништат договорот за дар. Во прилог на ова се и исказите на тужителите распрашани во својство на странки пред судот, кои ги потврдија претходно наведените факти. Имено, тужителот Б. појасни дека тој живее во спорната куќа на катот, а имал доградено и поткровје, додека поклонодавателката С. која била негова мајка, живеела во истата семејна куќа се до смртта и тоа на приземјето од куќата. Сега покојната С. не била во добра здравствена состојба и имала нарушено здравје, на моменти се губела и не препознавала, ова почнало да се случува после смртта на таткото на странките Ѓ. во 2002 година, кога сега покојната С. многу се разочарала. Таа не прифаќала дека мажот и починал и често прашувала каде е тој, каде бил заминат и кога ќе се врател. Исто така, сметала дека тоа не е нејзина куќа, па често велела дека ќе си оди дома, мислејќи во куќата на нејзините родители, дури еднаш и тргнала да оди, па тој ја вратил назад. Истата имала преживеано мозочен удар, а освен тоа имала дијагностицирано и деменција и Алцхајмерова болест, па поради овие болести, се случувало да не ги препознава и својте деца, а инаку биле четири синови и тоа тужениот Г. кој бил најстар, потоа братот С., па

тој и најмалиот брат - тужителот Р., меѓутоа нивната мајка - сега покојната С. поради болеста ги мешала својте деца, а најстариот брат сега тужениот Г. го сметала за свој брат и се плашела од него, бидејќи тој често ја карал. Тој и тужителот Р. се посомневале дека овој договор за дар навистина го потпишала нивната мајка и дека била свесна за тоа, од причина што уште за време на живот на нивниот татко, било усмено договорено помеѓу четирите браќа и таткото, парцелата која била веднаш до куќата да биде поклонета на тужениот Г. и на братот С., затоа што тие како постари браќа се жениле порано, односно пред нив, па самите на поклонетите делови од парцелата да си направат куќи, што и се случило, додека на тужителите да остане старата куќа во која сега живеел тужителот Б., додека тужителот Р. живеел во С.. Таткото Ѓ. им подарил на тужителите по 1/4 (идеална четвртина) од куќата, додека другите 2/4 (две четвртини) по неговата смрт ги наследила нивната мајка С. Но, наместо да остане ваквиот договор помеѓу браќата, по смртта на таткото, а користејќи ја лошата здравствена состојба на сега покојната им мајка, нивниот брат - тужениот Г. успеал да го добие на подарок делот од 2/4 од куќата кој требало да им припадне на тужителите, иако знаел и тужениот, дека мајката С. не била свесна кога го направила тоа. Тужителот Р. во својот исказ тврди и дека потписот на спорниот договор за дар не бил на нивната мајка С., поради што и поднеле кривична пријава до О. ј. о. К.П., против нотарот кој го составил и заверил спорниот договор. Уште појасни и дека тужениот договорот за дар не го спровел во к. е. се додека не била покрената оставинската постапка за покојната им мајка, кога и станал спорот и оставинската постапка била прекината, а сега странките биле упатени на парница за решавање на спорот, а тој претходно слушнал за договорот за подарок, но не бил сигурен дека навистина бил направен таков договор, од причина што не бил спроведен во к. е. за време на живот на нивната мајка, а сигурен е дека мајка им таков договор не би направила доколку била свесна и способна да расудува.

Сите овие докази се јасни, единствени, категорични и меѓусебе логички поврзани, па на истите судот ја заснова својата одлука поклонувајќи им целосна и недвосмислена верба.

Од доказите на кои им поклони верба, судот јасно утврди дека тужбеното барање на тужителите е основано во смисла на член 557 од Законот за облигациони односи, кој член ја регулира способноста за дарување и предвидува дека дар може да направи само лице со полна деловна способност, а само под услови предвидени со овој и друг закон, дар може да дава и лице со ограничена, односно посебна деловна способност. Имајќи ја предвид цитираната законска одредба и утврдената фактичка положба, а на основа на доказите на кои им поклони верба, судот јасно утврди дека сега покојната С. Т. во времето на склучување на договорот за дар во својство на randодавател, била деловно неспособна личност, од причина што неспорно се докажа дека сега покојната С. била во континуитет лекувана поради нарушената здравствена состојба и истата имала дијагностицирано повеќе болести и тоа: мозочен удар и генерализирана артеросклероза со артеросклеротичка деменција, Алцхајмерова болест со доцен почеток (после 65 -та година од животот), и видно од целокупната медицинска документација, било дека сега покојната С. имала нарушено здравје, заради што и била на болничко лекување во периодот од ... до ... година во З. Д. во К.П., каде била лекувана од страна на специјалист невропсихијатар д-р Ч. Т. и тоа со медикаменти Капс Оикамид - ноотропик кој се дава кај мозочен удар, потоа трентал - вазодилатор, како и кардиопирин, скоприл и склеран, кои лекови

вообичаено се препишувале кај мозочен удар, а сите овие болести кај сега покојната С. Т. сосема јасно потврдувале дека истата во времето кога го склучила и потпишала договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година, имале битно влијание врз нејзината можност слободно да ја изрази својата волја, адекватно да размислува, да управува со своите постапки и да го свати значењето на истите, токму поради претрпениот мозочен удар во периодот од шест месеци пред склучување на договорот за дар, недостаточноста на мозочната циркулација и дементниот развој кој неминовно прогредирал, а кои заедно имале влијание врз нарушување на деловната способност на сега покојната С.

При одлучлувањето, судот ги ценеше наводите на тужениот изнесени преку неговиот полномошник во тужбата и во текот на постапката и лично од страна на тужениот кога беше сослушан во својство на странка пред судот, дека тужбеното барање на тужителите било неосновано, како и дека во конкретниот случај станувало збор за пресудена работа, од причина што помеѓу истите странки за оспорување на истиот договор за дар, веќе била водена постапка пред овој суд заведена под П1 бр. ..., која правосилно била завршена со одбивање на тужбеното барање на тужителите, како и дека било застарено тужбеното барање на тужителите, од причина што поминал рокот од три години од склучувањето на договорот ОДУ бр. ... од ... година, од причина што иако петитумот на тужбеното барање бил утврдување ништовност на предметниот договор за дар, сепак сите наводи во тужба се однесувале на одредбите за рушливи договори, па со оглед да ваквите договори застарувале, односно во конкретниот случај станувало збор за договор за дар склучен ... година, истекол и објективниот рок од три години за раскинување на предметниот договор за дар заради рушливост. Потоа, наводите на тужениот дека неговата мајка поклонодавателката С. била во добра здравствена состојба во времето кога го склучила договорот за дар и дека тоа што му го подарила својот дел од куќата, било израз на нејзината волја и во знак на благодарност што тој и неговата сопруга се грижеле за неа и ја чувале. Сега покојната му мајка С. доброволно му го подарила својот дел од куќата, заедно отишле кај нотарот и истиот им го составил договорот, по што го потпишале. Судот го ценеше и барањето за локациски услови, како и исказот на сведокот В. М., нотар за подрачјето на Основниот суд К. П. и дека таа го имала составено договорот за подарок кој е предмет на оваа тужба, која појасни дека истиот го составила во присуство на тужениот и поклонодавателката С. и при тоа ги запознала странките со последиците од склучувањето на ваквиот договор, а откако се уверила дека склучувањето на договорот е израз на слободната волја на дародавателката и тужениот и дека дародавателката неприсилена од никого сакала да го склучи понапред наведениот договор за подарок и била при чиста свест и здрав разум, таа во својство на нотар го составила договорот за подарок и им го прочитала, по што тие ставиле потпис на истиот. Нотарот прецизно ја објасни пред судот постапката на склучување на договорот за подарок и при тоа потенцираше дека пред склучување на секој договор таа најпрво се уверувала дека странките се со полна деловна способност, а ако постоеле некакви сомнежи околу деловната способност, тогаш воопшто и не составувала договор за подарок, туку барала присуство на стручно лице лекар за оцена на деловната способност. Меѓутоа, ваквите наводи на тужениот и на овој сведок, како и доказите предложени од тужениот, се спротивни на утврдената фактичка положба, бидејќи неспорно во текот на постапката, а од доказите на кои судот им поклони верба, а пред се од наодот и мислењето на вештото лице Проф. д-р А. Н., јасно се утврди дека сега

покојната С. била во континуитет лекувана поради нарушената здравствена состојба и истата имала дијагностицирано повеќе болести и тоа: мозочен удар, генерализирана артеросклероза со артеросклеротичка деменција, Алцхајмерова болест со доцен почеток (после 65 -та година од животот), и видно од целокупната медицинска документација, било дека сега покојната С. имала нарушено здравје, односно сите овие болести кај сега покојната С. Т. сосема јасно потврдувале дека истата во времето кога го склучила и потпишала договорот за дар ОДУ бр. ... од ... година, имале битно влијание врз нејзината можност слободно да ја изрази својата волја, адекватно да размислува, да управува со своите постапки и да го свати значењето на истите, токму поради претрпениот мозочен удар во периодот од шест месеци пред склучување на договорот за дар, недостаточноста на мозочната циркулација и дементниот развој кој неминовно прогредирал, а кои заедно имале влијание врз нарушување на деловната способност на сега покојната С., поради што, судот наводите на тужениот ги оцени како неподобни да доведат до поинакво одлучување, поради што и одлучи како во изреката на оваа пресуда.

Одлучувајќи по однос на истакнатите приговори од тужениот за застареност и за пресудена работа, судот истите ги одби како неосновани, од причина што, постапката која била водена пред овој суд и правосилно завршена во предметот П1 бр. ..., иако е водена помеѓу истите странки и за истиот договор за дар, сепак е за друг правен основ, односно за раскинување на споменатиот договор, а не за негова ништовност каков што е сега случајот и како во конкретниот случај станува збор за поништување на договор, а не за рушливост, не станува збор за застареност на тужбеното барање на тужителите.

Уважувајќи го тужбеното барање, судот согласно чл. 148 од ЗПП, го задолжи тужениот да им ги надомести на тужителите трошоците сторени во оваа постапка во вкупен износ од 200.445,оо денари, од кои: паричен износ од 20.100,оо денари на име судска такса за тужба и паричен износ од 20.100,оо денари на име такса за одлука, потоа паричен износ од 7.000,оо денари на име награда за вештачење, паричен износ од 20.709,оо денари на име награда за состав на тужба (9.000,оо денари основица+2.700,оо денари на име 30% паушал + 5.850,оо денари на име 50% зголемување за втора застапувана страна + 3.159,оо денари на име 18% ДДВ) и паричен износ од 132.536,оо денари на име награда за застапување на тужителите од нивниот полномошник на осум рочишта и тоа: рочиште од 13.10.2017 година, од17.11.2017, од 22.12.2017, од 09.02.2018 година, 16.03.2018 година, од 26.04.2018 година, од 23.01.2019 и од 12.03.2019 година, а сметано по 16.567,оо денари награда за застапување од рочиште (9.000,оо денари основица+2.700,оо денари на име 30% паушал + 2.340,оо денари на име 20% саатнина + 2.527,оо денари на име 18% ДДВ), со оглед да полномошникот на тужителите е ДДВ обврзник, за кое нешто има доставено доказ копија од решение од УЈП.

Барањето на тужителите за надомест на трошоци во постапката, за разликата од досудените 200.445,оо денари, до предјавените со писмен трошковник од ... година во износ од 378.406,оо денари, судот го одби како неосновано, односно на полномошникот на тужителите не му досуди награда за состав на полномошно, за застапување на уште три рочишта и тоа: од 31.05.2018 година, од 07.11.2018 година и од 19.12.2018 година и за патни трошоци за патување на релација С. - К.П. и обратно, од причина што за состав на полномошно не следува посебна награда, бидејќи истото спаѓа во паушалните трошоци, потоа за наведените рочишта судот не досуди награда, бидејќи овие

рочишта се одложени од оправдани причини - поради недоаѓање на вештото лице, кое нешто не е вина на тужениот и на полномошникот на тужителите судот не му досуди патни трошоци, од причина што на подрачјето на овој суд има повеќе адвокати, а по волја и желба на тужителите да ги застапува адвокат од С., истите го ангажирале сега нивниот полномошник, па патни трошоци за неговото ангажирање не е должен да надоместува тужениот, туку истите се товар на тужителите, со оглед да полномошник од С. ангажирале по своја волја, поради што, а имајќи го предвид сето понапред наведено, следуваше судот да ги преоцени истакнатите трошоци од тужителите и да им досуди само трошоци кои се нужни и кои реално им следуваат во текот на постапката.

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА, П 4 бр. 7/17 од 12.03.2019 година

Претседател на совет - судија
Виолета Наумовска, с.р.

ПОУКА: Рок за жалба 15 дена по приемот,
преку овој суд, до Апелациониот суд С.

ДНА: Полномошник на тужители
и полномошник на тужен.